Според податоците од 1996 год. секој четврти жител на Земјата е муслиман, а тоа во бројки би изнесувало повеќе од 1.482.597.000 од вкупно 5.777.940.000 луѓе на Земјата или 26%. Гледано по континенти најмногу муслимани има во Азија со 1.022.692.000, но интересен е и податокот дека тие не се мнозинство на овој континет туку сочинуваат само 30%. Всушност, вистински муслимански континент е Африка каде муслиманите го претставуваат мнозинството, поточно 59%, а вкупно се 426.282.000. Муслиманите се апсолутно мнозинство во 59 држави на светот, а држава со најголем број на муслимани е Индонезија со 196.288.020 или 95% од вкупног број на жители. Веднашпо нив се големите муслимански заедници во Пакистан, Египет, Судан, Турција итн. Интересни се подаците за муслиманските "малцинства" во дражвите со најмногубројно жителство, како Кина каде што има 133.100.545 или 11%, Индија 133.295.027 или 14%. Муслиманите се апсолутно мнозинство во земјите за кои повеќето од нас воопшто не слушнале, како Малдива, Мауританија, Џибути… Муслимани има дури и на еден од најодаличните острви на Тихиот океан-Воскреснат остров, каде ги има 10% т.е. 81, што од вкупно 813 жители и не толку малку. Ако го земеме во предвид фактот како Исламот се шири брзо, па можеби и островот набргу ќе го промени името, да кажеме во Бајрамски остров.

Годишната стапка на прираст на бројот на муслиманите е 6,40% што е навистина многу, и само за споредба христијаните имаат стапка на прираст од 1,46%. Според ова во 1997 година имало1.577.483.000, а проценката за 1998 е 1.678.442.000 мулимани. Можеби најдобар показател за големиот пораст на бројот на муслимани е податкот дека во последните педесетина години тој број се зголемил за неверојатни 500% додека бројот на хрисијаните за исто време се зголемил за само 47%, на Хиндусите за 117% и Будистите за 63%. Секако дека највлијателен факт за ова е особено големиот наталитет кај муслиманите, но сигурно е дака за овој број значително допринесува и прифаќањето на Исламот од страна на немуслимани за кое сведочат податоците за огромниот пораст на бројот на муслиманитеа на Запад.

Во периодот од 1989г. до 1998г. бројот на муслиманите во Европа се наголеми за 142,35%, во Северна Америка за 25% и Австралија за 257,07%, меѓутоа што се однесува до Австралија овој процент и не е толку значаен со оглед на тоа дека до пред дваесет години таму скоро и да немало муслимани. Битно е да се напомене дека муслиманите во најјаките западни земји како САД, Англија и Франција се втора најголема верска заедница.

На крајот, сиве овие податоци најубаво говорат сами за себе и не им е потребен коментар, само да напоменеме дека сите податоци се земени од WAMY (World Assembly of Muslim Youth), пренесени од ОН или UN од CIA World Facts Book.

# Млади муслимани на Стариот континент

## Страв од порастот на бројот на муслиманите во Европа

Старосната криза поради нискиот наталитет во која се наоѓаат европските земји не сакаат да ја решат на американски начин - со имиграција на младите од другите делови на светот. Ова е поради тоа што веќе предолго е присутна тенденцијата за пораст на муслиманската популација која може драстично да ја измени конфесионалната структура на Стариот континент.

Најновите податоци за бројот на муслиманите во Европа и за нивната сè подобра организираност уверливо сведочат дака ние балканските муслимани и не сме осамени на Стариот континент.

Статистичките податоци кои говорат за драстичниот пораст на бројот на муслиманите во Европа се сè почеста тема во западните медиуми, но и меѓу високите политички и социјални личности и институции. И тоа не без причина, бидејќи најновите пресметувања покажуваат дека бројот на муслиманите во Европа ја преминува цифрата од триесет милиони, со понатамошна тенденција на пораст. Овие демографски промени не можат да поминат без социолошки и културни превирања. Последното големо движење на народите се случило после израелската окупација на Палестина. Ова движење на народите предизвика низа социолошки, политички, па дури и идеолошки промени кои никој не можел да ги предвиди со оглед дека се работеше за ист народ - за Арапите, кои имаат ист јазик, вера и обичии.

### Континент на старите

Тргнувајќи од овие факти, Европејците имаат причина да бидат внимателни, посебно затоа што Европа веќе подолго време е оптоварена со значително ниска стапка на наталитет. Веќе подолго од година дена на Европската сцена е започната кампања која има за цел старите лица (кои сè повеќе ги има во Европа) да се прикажат како популација која може нешто и да понуди, и која не е ограничена само на земање од општеството. Повод за оваа кампања се статистичките податоци во кои се наведува дека до 2020-та год. Бројот на Европејците постари од шеесет години ќе биде поголем од 25%, што значи дека нивниот број ќе биде поголем од бројот на младите до осумнасет години. Ваквата демографска слика, сигурно со себе не носи никакви знаци на просперитет. Доколку Европа не ѝ отстапи место на младата работна и умна сила од земјите од третиот свет, прва на удар ќе се најде нјзината економија која и покрај високата технологија, нема да може да ги поднесе ваквите промени. Состојбата станува уште потешка кога е познат фактот дека дел од оваа работна популација ќе мора да ги сноси социјалните трошоци, издржувањето на старите лица. За овие негативни последици на кризата што престои говорат и предупредувањата на некои германски здруженија за осигурување кои тврдат дака истите нема да можат да продолжат со исплаќањето на трошоците за животните потреби на старечките домови за оваа категорија на жителите доколку нивниот број во следните дваесет години продолжи да расте со истото темпо. Со оглед дека старите претставуваат поголем дел од потрошувачкиот дел од општеството, сè поголем број на реклами и производи се пласираат според нивниот вкус. Старите лица поради нивната ажурност во обавувањето на граѓанските должности, за време на изборите станаа важен фактор во политичкиот живот на општеството во кое живеат, што довело до тоа да секој политичар мора два пати да размисли доколку сака да донесе некоја одлука во врска со оваа категорија на населанието.

Јасно е дека главна причина за појава на овој проблем, којшто кај Европејците предизвику страв дака ќе станат бројно загрозени во однос на источните народи чиј број вртоглаво расте, се крие во нивото сфаќање за семејството и општеството. Прашањето на кое Европејците се обидуваат да најдат одговор е: како да се реши овој проблем ако е тоа сè уште можно?

### Европа и Американското решение

Содинетите Американски Држави, од самиот свој

постанок се борат со овој проблем. Решението кое тие го пронајдоа, до сега се покажа како успешно. Имено, непрестанатa имиграција на нови жители од цеиот свет во земјата каде "сништата постануваат стварност" во најголема мера ја решава празнината во старите структури на популацијата. Меѓутоа, дали Европа е подготвена да го прифати американскиот начин на решавање на овој проблем? Не толку одамна Германија беше принудена да посегне токму за ваков начин на решавање на овој проблем. Овој пат доселеници беа младите и амбициозни Турци кои за релативно краток рок се прилагодија и со својот труд и ажурност им користеа на германската индустрија со што за себе си обезбедија завидно место во Германското општество. Меѓутоа, не требаше долго време за на сцената да настапи европската нетолеранција и, сеуште живиот фашизам. Групи панкерски исшишани млади Германци со фашистички обележја го разурнаа сето она што тие до тогашго беа изградиле, ги рушеа и палеа нивните продавници, ресторани па дури и стамбените објекти. Европа, воглавно, покажа дака не е дорасната за американскиот начин на решавање на демографските проблеми. Наместо тоа, како што давеникот се фаќа сламка, се одлучи да им даде подршка на вонбрачните врски и со самото тоа на вонбрачните деца. Така, денас 52,5% новородоенчиња во Шведска се вонбрачни деца, 49.9% во Данска, 45,9% во Норвешка, 34.9% во Франција итн. На сите веке им е јасно дека со ваквиот пристап кон проблемот Европа не може да се извлече од кризата во која се наоѓа. Напротив, ваквите решенија уште повеќе ќе ја влошат целокупната состојба, а со тоа ќе и го загрозат семејството кое е основното јадро на општеството. Порано или подоцна, Европа ќе биде присилена да ја промени својата политика кон емигрантите.

### Кога во Европа ќе бидеме пола-пола

Без оглед на порастот на негативното расположение кон доселениците, нивниот број во најголем број на европските земји расте многу брзо. Затоа нималку не е збунувачки натписот објавен во "Вечерната пошта"- еден од најтиражните италијански дневни весници - под наслов "Кога половина Италија ќе биде христијанска а половина муслиманска" во која италијанскиот социолог Франческо Елберони зборува за идната демографска структура на Италија. Посебен акцент во својата кратка анализа авторот става на сé помасовната имиграција на муслиманските жители од исламските земји. Авторот наведува дека е вообичаена пракса на новите доселеници без оглед колку и да напредуваат во поштеството во кое живеат, да не се вклпуваат во потполност во новата заедница туку остануваат приврзани со начелата на својата вера - Исламот. И навистина, тоа што е забележано кај "новите" Европејци, посебно кај младите генерации е желбата за потполно практикување на Исламот и борба за негово зачувување не само во рамките на своето семејство и околината во која живеат, туку и на глобален план. На тој план тие отвориле низ хуманитарни организации кои собираат сретства наменети за помошна муслиманите во војна во загрозените подрачја. Со помош на големиот број на исламски весници и сателитски канали овие млади и образовани исламски ентузијасти се обидуваат да влијаат на политичките и социјалните текови во земјите од кои доаѓаат. Во ова се помогнати од нивните браќа по вера - младите Европејци и Европјанки кои во Исламот виделе единствено решение за натрупаните социјални проблеми, и кои секој ден стануваат сé помногубројни. Тие се заедно, познаваат голем број на јазици и се со квалитетно образование, значително се спротиставуваат на нападите кои западните медии ги вршат над Исламот. Тие водат сметка за "конфликтот на цивилизацијата".

Контакт адреса:
e-mail: penastudentore@hotmail.com

Позајмено од: WWW.BECONVINCED.COM

*Откако ќе го прочитате ова,*
*овозможете и на другите да го направат истото*

Печати:
Граѓанско здружение
Студентски Клуб

Studentski Klub



# ПОРАСТ НА БРОЈОТ НА МУСЛИМАНИТЕ ВО СВЕТОТ